1. **Постапки за учество,предлагање точки и одлуки, гласање и поставување прашања на собранието на акционери на АД за неметали Огражден - Струмица**

**1.1. Учество**

**Право на учество на собранието на акционери има секој акционер кој што ќе го пријави своето учество. Пријавувањето на учеството во работата на собранието ќе се врши до почетокот на седницата на собранието, преку пријава доставена до адресата на друшвото,ул. Маршал Тито бр. 239, до архивата на друшвтото или преку електронска пошта contac@ograzden.com.mk.**

**Акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седница на собрание на друштво (во натамошниот текст: полномошник), коешто ќе учествува и ќе гласа на седницата на собранието во негово име. Полномошникот ги ужива истите права, како и акционерот од кого е овластен со полномошното, вклучително да се јави за збор, да води дискусија и да поставува прашања на седницата на собранието на друштвото.**

**Овластувањето на полномошник за седницата на собрание на друштвото се дава во писмена форма кое не мора да биде заверено на нотар.**

**Акционерот мора да го информира за назначувањето или откажување на свој полномошник на седница на собрание на друштвото, преку известување, доставено по писмен пат на адресата на друштвото, во архивата на друштвото или на електронска пошта contact@ograzden.com.mk . Известувањето мора да ги содржи сите податоци за акционерот и на полномотшникот (име и презиме,ЕМБГ, адреса, број на акции за физичко лице, односно назив, ЕМБС, адреса за правно лице).**

**Полномошното акционерот може да го превземе од интернет страната на друштвото www.ograzden.mk .**

**1.2. Предлагање точки и одлуки на дневен ред**

**Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.**

**Акционери кои поединечно или заедно поседуваат 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на собранието на друштвото.**

**Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собранието коешто е свикано и/или предлагањето на одлуки за усвојување се испраќа до органот на управување на**

**друштвото, во рок од осум дена, односно од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седница на собранието на друштвото.**

**1.3. Поставување прашања**

**Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на собранието на друштвото. Акционерот може да постави прашање писмено,усно или електронски.**

**Писмено акционерот го доставува прашањето во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме, и своерачен потпис на акционер - физичко лице, односно назив, седиште, печат и целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер - правно лице. Заедно со доставеното прашање, акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација.**

**Усно поставување на прашања може да се врши исклучиво на седницата на собранието кога ќе се расправа по точката на дневен ред.**

**Електронски акционерот го доставува прашањето на електронската пошта на друштвото, contact@ograzden.com.mk, заедно документ за идентификација.**

**За се што не е предвидено со овој правилник, ќе се применуваат законските прописи предвидени со Законот за трговските друштва.**